Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 11.12.2023

Вчера (10.12.2023) во 22 часот на ул.„Антон Попов" во Скопје, полициски службеници од Оперативниот тим потраги при СВР Скопје и од Полициската станица Драчево го лишија од слобода Љ.С.(48) од Куманово. Тој бил баран по две централни потерници, врз основа на наредба од Казнено-поправната установа „Затвор Куманово" за доиздржување 10 месеци затворска казна, а бил осуден на две години и 10 месеци за сторени кривични дела по член 236 и член 206 од Кривичниот законик и врз основа на наредба од Основниот кривичен суд Скопје за издржување на казната затвор од две години за сторено кривично дело по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде предадено на надлежната казнено поправна установа.

На 10.12.2023 во 17.30 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(32) од с.Пороj, тетовско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.12.2023 во 13.55 часот во с.Сарај, скопско, полициски службеници го лишиле од слобода С.К.(51) од с.Љубин, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.12.2023 во 23.00 часот на улица „Партизанска" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле Е.Ш.(43) од Охрид затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.12.2023 во 14.15 часот во СВР Охрид било пријавено дека на планинска патека во атарот на охридското село Орман била пронајдена граната. Полициски службеници извршиле увид и било констатирано дека се работи за артилериска граната М-57, која била безбедно подигната од стручни лица од Дирекцијата за заштита и спасување за натамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (10.12.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 305 возачи. Од нив 17 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 208 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 97 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (10.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 267 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 128 санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, 31 мерка за некористење на сигурносен појас, седум санкции за управување под дејство на алкохол...

Во текот на вчерашниот ден (10.11.2023) во периодот од 16.00 до 21.00 часот Секторот за сообраќајни работи при Одделот за униформирана полиција Биро за јавна безбедност и Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведоа акциска контрола на територијата на општина Чучер Сандево во Скопје, за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 56 возачи, од кои 11 за возење без возачка дозвола, четири санкции поради измината важност на сообраќајната дозвола, осум мерки за возење под дејство на алкохол, две санкции за непрописно вградени фолии (затемнети стакла), две возила се одземени поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава... На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 10.12.2023 во 17.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопат–обиколница на Град Скопје, кај с.Визбегово, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „пежо" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.И.(45) од с.Глумово, скопско и патничко моторно возило „фиат" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.Н.(20) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото „пежо", Ф.С.(46) од Скопје, а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи и уште еден сопатник од возилото „пежо" Б.К.(24) од Скопје, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 10.12.2023 во 09.20 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Н.К.(32) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" бил каснат од куче скитник.

На 10.12.2023 во 10.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, К.К.(45) од Скопје пријавила дека на ул.„Лука Геров" била касната од куче скитник.

На 10.12.2023 во 14.10 часот во Полициската станица Драчево, Ј.М.(36) од Скопје пријавил дека на ул.„Китка" бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Д.С.(33) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „запуштање и малтретирање на дете". Пријавената ги наведувала на питачење нејзината деветгодишна ќерка и уште едно седумгодишно дете за кое изјавила дека му е старател, иако не поседувала документ за тоа.

Денеска (11.12.2023) во 11.00 часот на ул.„Натанаил Кучевишки" во Скопје, полициски службеници од Оперативниот тим потраги при СВР Скопје го лишија од слобода Р.Н.(57) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на викендот (08/09/10/12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола санкционирани се 315 возачи, меѓу кои 203 мерки за возење повеќе од дозволената брзина, 39 мерки за возење без возачка дозвола, 24 возачи за управување под дејство на алкохол...

На 09.12.2023 во 13.50 часот во Полициското одделение Велешта било пријавено дека во водите на реката Дрим во с.Добовјани, струшко, била пронајдена автоматска пушка. Извршен е увид и за настанот бил известен јавен обвинител. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.12.2023 во 21.20 часот на граничен премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода О.Х.Ф.(36) од Република Турција затоа што при извршена проверка било констатирано дека го пречекорил дозволениот период на престој во државата. Лицето е предадено во СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 10.12.2023 во 15.00 часот, полициски службеници од ОВР Кичево го лишија од слобода Д.С.(56) од Кичево. Тој се сомничи дека околу 14 часот во шумски појас во атарот на кичевското село Бигор Доленци, при лов, од ловечка пушка испукал патрон и го погодил Д.Ј.(40) од истото село, по што Д.Ј. починал. Увид на местото извршија јавен обвинител, медицински и полициски екипи, а врз телото на починатиот е извршена обдукција. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

Во текот на ноември годинава полициските службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово - Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај Тетово, на поширокото тетовско подрачје, во 22 акциски контроли и редовни активности вкупно откриле и законски санкционирале 1363 прекршоци или 472 помалку во споредба со истиот период лани. Во контролните активности, реализирани во текот на минатиот месец, а поради констатирани прекршоци, односно недостатоци, од сообраќај биле исклучени 58 возила, од кои 38 поради истечена регистрација до и над 30 дена и 20 поради утврдена техничка неисправност. Во ноември, исто така, од сообраќај биле исклучени и 228 возачи, од кои 134 управувале без возачка дозвола, 45 под дејство на алкохол, 29 возачи-почетници кои не се придржувале на законските ограничувања за оваа категорија возачи, 13 со важечка забрана за управување и 7 со несоодветна категорија. Покрај тоа, во месецот за кој станува збор, времено биле одземени 3 возила за истечена регистрација повеќе од шест месеци и 1 поради бучавост, 66 возачки и 35 сообраќајна дозволи, додека тетовската „пајак-служба" вкупно подигнала 159 погрешно, односно непрописно паркирани возила, најмногу во централното подрачје на Тетово, каде е и најголема вкупната сообраќајна динамика и фрекфенција на возила и пешаци. Минатиот месец (ноември) вкупно биле изречени 378 мерки за неприлагодена брзина според условите на патот, за пребрзо возење, најчестиот прекршок и годинава во поширокиот Полошки регион, 32 мерки за непрописно престигнување и 47 за недавање предност на пешаците.

На 10.12.2023 година во 18.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.С. (25) од Куманово затоа што во казино на улица „Гоце Делчев" во Куманово физички нападнал вработен во обезбедувањето. С.С. бил приведен и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 10.12.2023 во 16.05 часот во скопско, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Д.Д.(49) од Скопје затоа што во домот физички ја нападнал неговата 40 - годишна вонбрачна партнерка, при што употребил и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.12.2023 во 23.00 часот на граничен премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода Д.Ј.Г.(31) од Велика Британија затоа што при извршена проверка било констатирано дека го пречекорил дозволениот период на престој во државата. Лицето е предадено во СВР Куманово за понатамошна постапка.

Денеска (11.12.2023) во 09.00 часот во СВР Скопје, Е.Ф.(34) од Скопје пријавила дека во кругот на детска градинка на подрачјето на Гази Баба била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.12.2023 во 15.00 часот во СВР Куманово, Н.Д.(29) од Куманово пријавил дека на улица „Братство единство" во Куманово бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против А.Д.(34) од Берово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,насилство". На 03.12.2023 во угостителскиот објект во Берово, пријавениот со стаклен предмет нападнал лице од Берово и му нанел повреда.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.Д.(30) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" и „загрозување на сигурност". Пријавениот, во угостителски објект во Куманово, физички нападнал вработен како од обезбедување во објектот и агресивно се однесувал кон полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Б.(34) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори''. На 03.07.2023 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

СВР Куманово поднеси кривична пријава против А.Љ. и С.Ш. од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 29.03.2023 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед над првопријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и амфетамин, кои ги набавил од второпријавениот.

Денеска (11.12.2023) во 04.00 часот на граничен премин Меѓународен аеродром Скопје, полициски службеници ја лишиле од слобода С.Л.Р.(21) од Нов Зеланд, затоа што при извршена проверка било констатирано дека го пречекорила дозволениот туристички престој во државата. Лицето било предадено во СВР Скопје за понатамошна постапка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против Ј.Д.(28) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено изработување, држење, поседување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 05.05.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле патрони за ловечка пушка и куршуми.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет